Република СевернаМакедонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 01-3162/1
22.12.2023 година
Скопје

Врз основа на член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“бр.11/15) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда број 01-2162/1 од 19.06.2015 година, број 01-1684/1 од 30.03.2016 година, број 01-1684/4 од 10.10.2016 година, број 01-2554/1 од 19.04.2018 година, број 01-2554/6 од 05.06.2018 година, 01-5603/1 од 31.12.2019 година, број 01-854/3 од 17.11.2020 година, број 01-624/1 од 24.02.2021 година, број 01-624/2 од 24.02.2021 година и 01-1674/1 од 12.062023 година, Министерството за правда објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/23**
**за унапредување на седум административни службеници**
**во Министерството за правда**

I. Се објавува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следните работни места :

1. Државен советник за меѓународна правна помош, со звање државен советник, шифра на работно место УПР0101Б01000 ..............................................**1 извршител**

<u>Посебни услови</u>
- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

- положен правосуден испит
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- положен испит за административно управување

Паричен износ на основната нето плата за работното место : 45.368,оо денари

2. Раководител на Секторот за Европска унија во Секторот за Европска унија, со звање раководител на сектор и шифра на работно место УПР0101Б02000........................................................................................ **1 извршител**

Посебни услови
- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки или факултет за европски студии
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- положен испит за административно управување

Паричен износ на основната нето плата за работното место : 44.145,оо денари

3. Раководител на Секторот за извршување, нотаријат и медијација во Секторот за извршување, нотаријат и медијација, со звање раководител насектор и шифра на работно место УПР0101Б02000 ....................................................**1 извршител**

Посебни услови
- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- положен правосуден испит
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- положен испит за административно управување

Паричен износ на основната нето плата за работното место : 44.145,оо денари

4. Раководител на Секторот за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош, со звање раководител на сектор и шифра на работно место УПР0101Б02000......................................................................................................**1 извршител**

Посебни услови

- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- положен правосуден испит
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- положен испит за административно управување

Паричен износ на основната нето плата за работното место : 44.145,оо денари

5. Раководител на Одделението за организација на правосудните органи и следење на реформата на правосудниот сектор - Одделение за организација на правосудните органи и следење на реформата на правосудниот сектор - Сектор за правосудство, со звање раководител на одделение и шифра на работно место УПР0101Б04000......................................................................................................**1 извршител**

Посебни услови

- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки
- положен правосуден испит
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- положен испит за административно управување

Паричен износ на основната нето плата за работното место : 35.364,оо денари

6. Советник за техничка имплементација на ИПА проекти во Одделението за ИПА проекти - Сектор за Европска унија, со звање советник и шифра на работно место УПР0101В01000........................................................................1 извршител

Посебни услови

- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Општествени науки-право или политички науки
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Паричен износ на основната нето плата за работното место : 31.524,оо денари

7. Советник за стратешко планирање во Одделението за стратешко планирање - Сектор за управување со човечки ресурси и стратешко планирање, со звање советник и шифра на работно место УПР0101В01000..............................1 извршител

Посебни услови

- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правни науки или јавна управа и администрација
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Паричен износ на основната нето плата за работното место : 31.524,оо денари

I.Распоредот на рботното време за сите работни места е 40 часови седмично, од понеделник до петок, и тоа секој работен ден од 07.30/08.30 часот до 15.30/16.30 часот

II.Право на учество на интерниот оглас имаат сите административни службеници вработени во Министерството за правда кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

III.Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени во Законот за административните службеници :

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

IV. На интерниот оглас може да се пријави административен службеник, вработен во Министерството за правда, кој ги исполнува и следните услови :
- да е оценет со оцена А или Б при последното оценување
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

V. Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат и следните докази во скенирана форма
- потврда за успешно реализирани обуки
- потврда за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

VI. Кандидатите пријавата ја поднесуваат во електронска форма на електронската адреса mmaljanovska@mjustice.gov.mk, а пополнетата пријава со доказите за податоците содржани во пријавата ја доставуваат преку писарницата на Министерството за правда, на ул.Димитрие Чуповски бр.9 Скопје.

VII. Кандидатите пријавата со потребните документи треба да ги достават во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас.

VIII. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

IX. Ненавремена : нецелосна и неуредно пополнета пријава, како и пријава со внесени лажни податоци нема да биде предмет на разгледување.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Krenar Lloga